„Предноста на учениот над оној што се занимава само со ибадет е како мојата предност над оној со најниска положба меѓу вас.“

Ебу Умаме ел-Бахили, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Пред Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беа спомнати двајца мажи – едниот посветен на ибадет, а другиот учен. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Предноста на учениот над оној што се занимава само со ибадет е како мојата предност над оној со најниска положба меѓу вас.“ Потоа рече: „Навистина Аллах, Неговите мелеци, жителите на небесата и земјата – па дури и мравката во своето гнездо и рибата во морето – молат благослов за оној кој ги подучува луѓето на доброто.“

[حسن لغيره] [رواه الترمذي]

Пред Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беа спомнати двајца мажи – едниот посветен на ибадет, а другиот учен. Го прашаа: „Кој од нив е подобар?“ Тој, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Предноста на учениот кој ги поседува шеријатските науки, постапува според нив и ги подучува другите, над оној кој е посветен само на ибадет и има знаење само за она што е должен да го знае, е како мојата предност и чест над оној со најниска положба меѓу асхабите.“ Потоа рече: „Навистина Аллах, Неговите мелеци – меѓу нив и оние кои го носат Аршот, жителите на небесата од сите мелеци, жителите на Земјата од луѓето и џините, па дури и сите животни – мравката во своето гнездо под земја и рибата во морето – вклучувајќи ги суштествата на копно и во вода – сите тие прават дова за добро на оној што ги подучува луѓето на науките од верата, преку кои тие се спасуваат и постигнуваат успех.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6106